РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR
DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 18-1092/24
30. 12. 2021 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# Извештај
## за извршен надзор на законитоста на работата од областа на животната средина на општина Карбинци

Комисијата за вршење надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје формирана со Решение бр. 18-1092/2 од 16.02.2021 година, а врз основа и согласно Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје донесен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање со бр. 18-1092/1 од 16.02.2021 година, на ден 02.09.2021 година изврши надзор на законитоста на работата во општина Карбинци.

Надзорот е извршен врз основа на претходна најава до општината Карбинци од страна на министерството и тоа за следните области од законите за животна средина:

1. Постапка за одобрување на елаборати за животна средина
2. Постапка за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола
3. Надзор на надлежностите на органите на општината од областа на управување со отпадот.
4. Надзор на надлежностите на органите на општината од областа на заштита на водите.
5. Надзор на надлежностите на органите на општината од областа на заштита од бучава во животната средина

Претставници на општината Карбинци присутни при вршењето на надзорот беа Делче Стоилов.

*Во однос на првата точка од Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје која се однесува на <u>спроведување на постапката за одобрување на **елаборати** за животната средина комисијата утврди дека:</u>* во општина Карбинци **не** се спроведува постапката за одобрување на елаборати за заштита на животната средина и за нив не се води евиденција согласно пропишаниот регистар. Немаат вработен кој би ги одобрувал елаборатите ниту имаат некого овластено. Порано имало вработена која ги водела постапките за издавање на елаборатии при увидот во елаборатите претходно што се издавале беа увидени повеке недостатоци.

*По однос на втората точка која се однесува на спроведување на постапката за <u>издавање на **Б интегрирани еколошки дозволи** од страна на комисијата е утврдено дека</u>* согласно активностите кои произлегуват од Законот за животна средина, Општината не ја спроведува постапката за издавање на Б интегрирани еколошки дозволи. Немаат издадено ниту една дозвола досега. Од разговорот со претпоставениот од општината беше посочено дека на локација на општината има инсталации за кои е потребно постапка за Б-ИЕД. Немаат назначено или вработено лице кое ке работи на издавање на Б интегрирани еколошки дозволи. Оваа постапка воопшто не се спроведува.

*<u>По однос на обврските согласно **Законот за животна средина** :</u>*

-Општината Нема донесено ЛЕАП (последниот е со многу поодмината дата до 2008година)

-Општината ја нема исполнето обврската согласно член 154 од ЗЖС, нема донесено надворешен план за вонредни состојби, ниту внатрешен план за вонредни состојби.

-Општината нема донесено План за спроведување на инспекциски надзор за 2021 година, не спроведува инспекциски надзор и не доставува извештаи и во Општината нема назначен овластен инспектор за животна средина, ниту пак е систематизирано такво работно место.

-Нема воспоставено катастер согласно член 42 и не доставува податоци до МЖСПП.

-Општината нема воспоставено регистер на загадувачи и не доставува податоци за одржување на Регистарот на загадувачки материи и супстанции и на нивни карактеристики до МЖСПП.

Нема воспоставено мегуопштинска соработка со друга општина.

*Согласно третата точка од Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје од страна на комисијата е утврдено дека согласно прописите кои произлегуваат од* ***Законот за управување со отпадот***

- Нема донесено никаков план за управување со отпад, со образложение дека нема ниеден вработен кој би работел на областа на животната средина.

- Општината нема донесено План и Програма за управување со отпадот.

-Не изготвува консолиридан извештај со податоци доставени од правни и физички лица кои вршат дејности на собирање, транспортирање, складирање третман, преработка, отстранување и промет на отпад, кој треба да го достави до МЖСПП согласно член 39 од ЗОУ.

-Општината укажува на предвидени локации за изградба на претоварни станици (општина Штип и општина Карбинци) согласно Регионалниот план за управување со отпад.

-На територијата на општината функционира јавно претпријатие за собирање, транспортирање и третман на комуналниот и други видови на неопасен отпад, ЈП "ПЛАЧКОВИЦА", Карбинци .

-Нема пропишано посебни правила за постапување со комуналниот и други видови на неопасен отпад.

-Нема определени места за третман и отстранување на инертен отпад согласно член 54 од ЗОУ, согласно донесената урабанистичка документација.

-Нема основано депонија за инертен отпад

-Не врши мониторинг на управувањето со отпадот и нема донесено Програма за мониторинг за управување со отпад.

-Нема организирано информативен систем согласно член 113.

- Не води катастар на својата општина на создавачите на неопасен отпад согласно член 116.

- Нема склучено договор со правни субјекти за постапување со посебни текови со отпад (а кои поседуваат Дозвола за колективно постапување со отпадна електрична и електронска опрема, како и батерии и акумулатори и отпад од пакување), што подразбира дека не е поставен систем за одделно собирање на тој тип на отпад.

- Општината нема реализирано инспекциски надзор во областа на животната средина (согласно член 126 и 129) нема назначен овластен инспектор за животна средина ниту систематизирано работно место.

Во однос на систематизација на работни места на општината во делот на животната средина, во Општина Карбинци- не е систематизирано ниту едно работно место за заштита на животната средина во ниту еден дел од систематизацијата, животна средина како термин во систематизацијата не постои, а очигледно и во работата на општината.

*Согласно четвртата точка од Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината Карбинци, од страна на комисијата е утврдено дека согласно прописите кои произлегуваат од* ***Законот за водите****:*

- Општината има формирано Јавно Комунално Претпријатие ЈП "ПЛАЧКОВИЦА". Општина карбинци има прибавено Дозвола за испуштање отпадни води за населени места Козјак и Нов Караорман. Водоснабдителните системи се изградени со согласности но за истите не се прибавени водни права дозволи за користење на вода согласно член 26 и 28.
- Општината согласно член 96 став 2 од ЗВ нема донесено одлука за потребата за определување на заштитни зони за изворишта кои се користат за консумирање од страна на човекот и нема поднесено барање со елаборат до Министерство за животна средина и просторно планирање за да согласно член 96 став 1 се определат заштитни зони за водни тела од кои се користи вода за консумирање од страна на човекот.
- Општината нема Програма за одведување, собирање и пречистување на урбаните отпадни води согласно член 114 од ЗВ и не се врши пречистување согласно член 113 од ЗВ.

Во прашалникот е одговорено дека на територијата на општина Карбинци нем аиндустриска отпадна вода и дека нема потреба да ги исполнува обврските согласно член 116 и да обезбеди ефлуентите од индустриските отпадни води коишто влегуваат во системите за собирање и прочистување на урбани отпадни води да бидат подложни на потребниот предтретман.

- Општината нема донесено Оперативен план за заштита и одбрана од поплави, но има донесено План за заштита и спасување од поплави.

-Општината нема Програма за заштита од штетно дејство на водите член 124 ЗВ и согласно член 143 од ЗВ, не изработила, доставила и објавила извештаи за активностите реализирани во претходната година и предвидените активности за наредната година во врска со заштитата од штетното дејство на водите.

-Во однос на ерозивното подрачје во нејзините граници и подрачјата загрозени од ерозија општината нема определено границите на ерозивното подрачје и подрачје загрозено од ерозија, ги нема утврдено мерките и работите за заштита на земјиштето од ерозија и уредувањето на пороите, врз основа на техничка документација согласно член 135 од ЗВ како и не презема мерки за заштита на ерозивни подрачја согласно член 137 од ЗВ.

-Општината согласно обврските за определување на крајбрежен заштитен појас на водотеците во населените места постапува и определила крајбрежен појас за УПС Таринци и УПС Карбинци, но истите не се уредени согласно член 132 од ЗВ.Општината не ги исполнила ги исполнила обврските од член 141 од ЗВ и не ги превзела мерките за уредување на пороите што се наоѓаат на нивното подрачје од финансиски причини.

-Во прашалникот е одговорено дека општината врши проценка дали водотеците на подрачјето кое е под нивна надлежност се во состојба да предизвикат поплави на земјиштето и дали обезбедуваат непречен проток на водата.

- Општината нема воспоставено мониторинг за водни тела согласно член 145 ЗВ нема донесено Програма за мониторинг на водите и не доставува податоци согласно член 156 ЗВ.

-Водата за пиење ја обезбедуваат преку бунари и извори со хлорирање. Општината има основано јавно претпријатие ЈП "ПЛАЧКОВИЦА" за вршење на дејноста и работењето и одржувањето на системите за водоснабдување и снабдувањето со вода за пиење согласно член 185.

- Општината во прашалникот има одговорено дека реализира инспекциски надзор во областа на водите (согласно член 229)

*<u>Согласно петата точка од Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината Карбинци, од страна на комисијата е утврдено дека согласно прописите кои произлегуваат од областа на заштита од **бучава** во животната средина :</u>*

-Општината нема развиено локална мрежа за мониторинг на бучава согласно член 19 од ЗЗБЖС.

-Нема склучено договор за мерење на бучава со овластено правно лице.

-не води катастер на создавачи на бучава бучава согласно член 35 од ЗЗБЖС.

-Општината при издавање на одобренија за градба утврдуваат дали планските документи за објектот ги исполнува условите и мерките во врска со заштитата од бучава согласно член 23 од ЗЗБЖС.

**Врз основа на сето горенаведено комисијата за вршењето на надзорот ги увиде следниве недостацои кои е потребно општината** да ги отклони и за тоа да го извести **министерството, и даде неколку препораки:**

**Согласно надзорот увидено е дека општина** Карбинци не извршува скоро ниту една **обврска согласно законите од областа на** животната средина и нема вработен кој би **работел на областа ниту пак такво место е систематизирано.**

-Да се отпочне постапка за изработка на ЛЕАП,

-Да се изготви надворешен план за вонредни состојби согласно член 154 од ЗЖС, и истиот да ни се прати на увид.

-Да се изготви внатрешен план за вонредни состојби

-Да се назначи лице за Б-интегрирани еколошки дозволи, истотот да се обучи и да се почне со постапки за издавање на дозволите во најкус можен рок.

-Да се назначи лице за одобрување на елаборати истото да се обучи.

**-Да се назначи или вработи лице кое би работело на областа и сите закони од областа на животната средина** .

-Привремено додека вработи лица да направи меѓуопштинска соработка со друга општина во делот на одобрување на елаборати и инспекциски надзор.

Согласно надзорот увидено е дека општина Карбинци многу малку ги извршува обврските кои произлегуваат од Законот за управување со отпад, и истата нема задолжени лица од редот на вработените кои би помогнале во спроведување на

обврските кои произлегуваат од истоимено законодавство од областа управување со отпад.

- Да отпочне со исполнување на обврските од член 28 од законот за управување со отпад, кои се однесуваат на комуналниот отпад, како и на посебни текови на отпад согласно Закон за проширена одговорност на производители со посебни текови со отпад.

- Да отпочне со изготвување на консолиридан извештај со податоци доставени од правни и физички лица кои вршат дејности на собирање, транспортирање, складирање третман, преработка, отстранување и промет на отпад, и да го достави до МЖСПП согласно член 39 од ЗОУ.

- да се достави информација до министерството која локација во општината се употребува за отстрнување на инертен отпад.

- Општината да отпочне со водење Катастар на својата територија, каде ќе се евидентираат создавачите на неопасен отпад.

- Општината да пристапи кон склучување договор со правно лице кое поседува Дозвола за колективно постапување со посебни текови со отпад (пакување и отпад од пкаување, батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори како и електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема).

- Општината да пристапи кон исполнување на обврските согласно Регионалниот план за управување со отпад т.е. воспоставување на регионален систем з ауправување со отпад.

- Општината да овласти или вработи соодветни лица кои би постапувале согласно законодавството од областа управување со отпад, со цел исполнување на обврските во целост.

- Општината да отпочне со водење на Катастар за својата територија, каде ќе се евидентираат создавачите на неопасен отпад,

-Општината да направи меѓуопштинска соработка со друга општина во делот на инспекциски надзор кај загадувачите соотпад, како и исполнување на обврските кои произлегуваат од законодавството од областа управување со отпад.

-Општината да отпочне со спроведување на обврските согласно Законот за заштита од бучава.

Да потпише договор со овластено правно лице за мерење на бучава.

Во областа на водите комисијата укажува на следниве недостаци кои е потребно да се отстранат:

- Општината или јавното комунално претпријатие да ги прибави потребните дозволи за користење согласно член 28 ЗВ и доколку има испуштања во води за кои не се прибавени дозволи за испуштање согласно член 79 од ЗВ потребно е истите да се прибават.
- Општината потребно е согласно член 96 став 2 од ЗВ да донесе Одлука за потребата од определување на заштитни зони за водни тела од кои се користи вода за консумирање од страна на човекот. Одлуката за потребата со барање и Елаборат за определување на заштитни зони потребно е да се достави до Министерство за здравство и Министерство за животна средина и просторно планирање за да согласно член 96 став 1 од ЗВ се изработи Предлог одлука за заштитни зони која ќе ја донесе Владата на РСМакедонија .

По донесување на одлуката од страна на Владата на РСМакедонија потребно е општината во урбанистичките планови на општината да ги прикажува картографски заштитните зони, согласно член 98 став 4 ЗВ.

- Потребно е општината да донесе Програма за одведување, собирање и пречистување на урбаните отпадни води согласно член 114 од ЗВ и да врши одведување и собирање на отпадните води што произлегуваат или се создаваат на нивното подрачје, вклучувајќи го и отстранувањето на тињата и да врши пречистување на отпадните води согласно член 113 од ЗВ.
- Општината да донесе Програма за заштита од штетно дејство на водите согласно член 124 ЗВ (која треба да содржи изградба на насипи, акумулации, регулација на реки, уредување на порои, заштита на земјиште од ерозија, пошумување и сл.) и да се преземаат мерките за заштита од друго штетно дејство на водите во урбаните подрачја согласно оваа програма.
- Согласно член 126 од ЗВ потребно е да се донесе Оперативниот план за заштита и одбрана од поплави од страна на општината, да се доставува до Министерство за животна средина и просторно планирање и да се спроведува истиот.
- Општината и понатаму да го определува крајбрежниот заштитен појас за водотеците во населените места за кои не е определен истиот согласно член 131 и да го уреди согласно член 132.
- Согласно член 133 секоја година до крајот на септември општината да изврши проценка дали водотеците на подрачјето кое е под нивна надлежност се во состојба да предизвикат поплави на земјиштето и дали обезбедуваат непречен проток на водата. Доколку водотеците не обезбедуваат непречен проток се преземат мерки од страна на општината.
-Советот на општината на територијата под нејзина надлежност потребно е да ги определи границите на ерозивното подрачје и подрачјето загрозено од ерозија како и да ги утврди мерките и работите за заштита на земјиштето од ерозија и уредувањето на пороите, врз основа на техничка документација согласно член 135 од ЗВ и да ги презема мерките за заштита на ерозивни подрачја согласно член 137 од ЗВ. Општината потребно е да ги исполни и обврските од член 141 од ЗВ и да ги превземе мерките за уредување на пороите што се наоѓаат на нивното подрачје.
-Потребно е согласно член 143 општината да изработи, доставува и објавува извештаи за активностите реализирани во претходната година и предвидените активности за наредната година во врска со заштитата од штетното дејство на водите.
- Општината потребно е да донесе Програма за мониторинг на водите согласно член 145 став 7 од ЗВ и редовно да доставува податоци од мониторинг согласно член 156 ЗВ.
-Согласно Нацрт заклучокот на Владата во 2020 година кој сите општини го имаат добиено, истите беа задолжени да направат односно систематизираат работни места кои ке бидат организирани за заштита на животната средина, со можност за систематизирање на одделение доколку општината е поголема - **да се постапи согласно заклучокот во најитен можен рок.**

Се препорачува да имате најмалку еден вработен кој ке биде на работно место само за заштита на животната средина како би можеле да одговорат на надлежностите на општината согласно законите и без исклучок да се систематизира работно место за овластен инспектор за животна средина и истото да се пополни во најбрз можен рок.

-Во рок од 6 месеци Општина Карбинци треба да го извести Министерството за животна средина и просторно планирање за превземените активности согласно утврдените недостатоци во однос на имплементацијата на надлежностите.

Скопје, 2021година

Претседател на Комисија
Тања Кироска Филиќ____________________

Членови од Комисијата присутни на надзорот:
Александар Петковски, ____________________
Ирена Николовска, ____________________

Членови на комисијата кои учествуваа во извештајот:
Даниела Ристова,____________________
Даниела Наумоска, ____________________